ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: ул.Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 005
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

01-02-2019

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
До: Здравствна установа со лабораториска дејност

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
ПОДРАЧНА СЛУЖБА-ВЕЛЕС

| Примено: 01.02.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 132/1 | | |

Дата: 31.01.2019
Архивски број: 12-1825/1

**Предмет: Известување**

**Почитувани,**

Со измената на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (сл. Весник 146/2018 година) во член 59 е регулирано упатувањето на осигурените лица за лабораториски испитувања од страна на избран лекар по општа медицина, гинекологија и општа стоматологија.

Со одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (сл. Весник 200/2018 година) за лабораториски испитувања по упат од избран лекар **утврдени се нови обрасци – ЛУ1-а, ЛУ1-б и ЛУ1-в.**

**Избран лекар по општа медицина, гинекологија и општа стоматологија** за биохемиски лабораториски испитувања за потребите на примарна здравствена заштита издава пропишан образец упат со предвидени лабораториски испитувања - **ЛУ1-а.**

**Избран лекар по општа медицина** за утврдување на вредностите на биохемиски лабораториски испитувања - TSH (тиреостимулирачки хормон), ОГТТ (орален гликоза толеранс тест), HbA1C (гликозилиран хемоглобин) и PSA (тумор маркер за простата) издава пропишан образец упат - **ЛУ1-б.** Во образецот ЛУ1 - б во делот „напомена" се наведени дијагнозите за кој е предвидено упатувањето за лабораториските услуги од истиот.

**Избран лекар гинеколог** за утврдување на хормонален статус, тумор маркери и ОГТТ (орален гликоза толеранс тест) издава пропишан образец упат - **ЛУ1-в.**

Ви појаснуваме дека со отпочнување на примена на новите обрасци со образецот ЛУ1а и ЛУ1б избраните лекари упатуваат **во здравствени установи кои имаат склучено договор со ФЗОМ за лабораториски услуги ЛУ1,** со посебна напомена дека ЛУ1-б образецот може да се издава само за здравствени установи кои имаат склучено договор со ФЗОМ за

Адреса: ул.Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 005
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

лабораториски услуги ЛУ1 и при тоа имаат вработено лекар специјалист по клиничка биохемија или фармацевт специјалист по клиничка биохемија.

Здравствени установи кои имаат договор со ФЗОМ за овој вид на здравствени услуги има објавено на web страната на ФЗОМ - www.fzo.org.mk ----→ даватели на здравствени услуги ---→ лаборатории.

Избраниот лекар гинеколог со образецот ЛУ1-в упатува во здравствени установи кои имаат склучено договор со ФЗОМ за лабораториски услуги ЛУ2.

**Избран лекар по општа медицина, гинекологија и општа стоматологија** за биохемиски лабораториски испитувања на пропишаните обрасци може да упатува и во јавни здравствени установи кои вршат лабораториски услуги содржани во **ЛУ1-а, ЛУ1-б и ЛУ1-в.**

**Здравствените установи кои имаат склучено договор со ФЗОМ за лабораториски услуги за ЛУ1, услугите од ЛУ1 – а образецот и ЛУ – б образецот се реализираат од буџетот предвиден за ЛУ1.**

**Здравствените установи кои имаат склучено договор со ФЗОМ за лабораториски услуги за ЛУ1 и ЛУ2 , услугите од ЛУ1 – а образецот и ЛУ – б образецот се реализираат од буџетот предвиден за ЛУ1.**

**Здравствените установи кои имаат склучено договор со ФЗОМ за лабораториски услуги за ЛУ2 услугите од ЛУ1 – в образецот се реализираат од буџетот предвиден за ЛУ2.** → Хормони ТУМ. МАРКЕР OGTT.

**Лабораториските услуги од ЛУ1-а, ЛУ1-б, ЛУ1-в и ЛУ2 обрасците, здравствената установа која обавува лабораториска дејност и има склучено договор со ФЗОМ за да може да ги релизира услугите, истите треба да бидат наведени на листата на здравствени услуги која е во прилог на Дозволата за работа издадена од Министерството за здравство.**

Со почит,

**Директор,**
**Данаил Дончев**

**Директор,**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Изготвил: д-р Силвана Андов
Согласен : д-р Игор Неловски
По овластување бр. 2981/1 од 21.02.2018 год. д-р Реџеп Љусјани
Одобрил: Миле Сугарев
м-р Зоран Крајоски